Врз основа на член 11 став 3 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ,, бр.36/2004), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ,,бр.5/2002,,)и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Зрновци(Сл.гласник на општина Зрновци бр.05/05), Советот на општина Зрновци донесе

# ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ,ЕПИДЕМИИ,ЕПИЗООТИИ, ЕПИФЕТОТИИ И ДРУГИ НЕСРЕКИ

## И.ВОВЕД

Поимот ,,природни непогоди,, подразбира настани предизвикани од неконтролирано дејство на природните сили кои го загрозуваат животот и здравјето на лугето и животните и предизвикуваат штети на имот, културното наследство и животната средина (земјотреси,поплави , лизгање на земјиште,снежни лавини,наноси,луњи , уривање на високи брани и насипи,суша, атмосферски и други непогоди).

Поимот епидемии,епизоодии и епифитотии,,подразбира настани кои доведуваат до интензивни појави на одредени заболувања кај лугето ,животните и растенијата.

Поимот ,,други несреки,,подразбира настани кои се резултат на субјективни превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности , како и невнимание при ракување со опасни материи и средства при производство , складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреки во патниот , железничкиот и воздушниот сообракај , несреки во рудници , индустриски несреки предизвикани од експлозии и други техничко-технолошки причини . пагање на радиоактивни врнежи , прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати и други отровни хемикалии,експлозии на гасови , како и други материи кои со воздух создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер).

## ИИ.ЦЕЛ НА ПРОЦЕНА

Цел на процената од загрозеност од природни непогоди ,епидемии , епизоотии , епифититотии и други несреки е утврдување на потенцијалните опасности од настанување на наведените штети по територии , време и причини за настанување на несреките.

## ИИИ.ГРУПИ И ВИДОВИ НА ЗАГРОЗУВАЊЕ

Постојат природни , техничко-технолошки и социјални (опшествени) групи и видови на загрозување.

**1.Природни загрозувања се :**

-Геолошки(земјотреси, вулкани, ерозии, лизгање на земјиште);

-Метеоролошки (урагани, торнадо, мекави, молњи, бури, суша, снежни наноси);

-Океанографски(цунами, морски бури);
-Хидролошки(поплави,порои);
-Биолошки(епидемии, епизоотии, епифитотии, шумски пожари)

**2.Техничко-технолошки загадувања се:**
-Ризични материи и процеси(канцерогени, мутагени, тешки метали и останати отрови).
-Опасни процеси (градежни грешки, радиоактивни емисии, пречистување и транспорт на ризични материи):
-Средства и машини (експлозиви, неексплодирани убојни средства, возила, возови, авиониц);
-Инсталации и постројки (мостови, брани , насипи, рудници, рафинерии, енергетски постројки, нафтени и гасови терминали и складишта, електроводи, гасоводи, многу високи згради);

**3.Социјални (општествени) загрозувања се:**
-Бегалци(економски, политички, конфликти и војни);
-Масовни инциденти(побуни, безредија, демонстрации);
-Терористички напади(бомби, убиства, заложници);
-Воени конфликти(разурнувања, убивања, страдања).

## ИВ.ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИРОДНИТЕ НЕПОГОДИ, ЕПИДЕМИИ, ЕПИЗООТИИ, ЕПИФИТОТИИ И ДРУГИ НЕСРЕКИ

Основни карактеристики на загрозувањата се:
-ненадејност
-интензивност
-масовност
-неизбежност

## В.ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРИРОДНИТЕ НЕПОГОДИ, ЕПИДЕМИИ, ЕПИЗООТИИ, ЕПИФИТОТИИ И ДРУГИ НЕСРЕКИ

Последиците од природните непогоди , епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреки се:
-зголемен број на повредени и мртви
-оштетување и губиток на сопственоста
-оштетена и уништена инфраструктура
-прекин на функционирање на власта
-нарушување на работата на јавните сервиси
-прекин на производството
-загуби во стопанисувањето
-губиток на работата

-нарушување на начинот на живеење
-социолошки и психолошки нарушувања

## ВИ.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ И МЕСТО ПОЛОЖБА НА ОПШТИНАТА

Општина Зрновци се наоѓа во источниот дел на Македонија, на трансверзалата која го поврзува Скопје - Велес - Штип - Кочани - Делчево со Р. Бугарија. Оддалечена е околу 8 км. од Кочани. Сместена е во падините на Плачковица, те. во зоната на српско- македонскиот масив, или старите Родопски планини. Трите населени места ( Зрновци, Видовиште и Მородвис ) се широко отворени кон р. Брегалница и Кочанското поле. Вкупната површина на општина Зрновци изнесува 51.764.076 $м^2$. По населени места таа изнесува:

**Зрновци**....................................28.482.894 $м^2$
**Мородвис**..................................14.521.860 $м^2$
**Видовиште**................................ 8.759.322 $м^2$

Од вкупната површина на Зрновци 57% се шуми, а 32% претставува обработливо земјиште.

Низ Зрновци минува Зрновска река која претставува една од побогатите со вода притоки на Брегалница. На реката Зрновка има изградено хидроцентрала што во голема мера го изменила природниот водотек на реката и животните услови во неа. Сливното подрачје на Зрновска река изнесува 38$км^2$, а должината 24 км.

Зрновци се наоѓа на надморска висина од 345м и како дел на кочанската котлина е заштитено од силни северни ветрови со Осоговските планини, а од силни воздушни продори од југ со планината Плачковица. Параметрите што ја илустрираат климата во овој регион, се следните:

-Просечна годишна температура е 13 $^{o}$Ц.
-Просечна средногодишна релативна влажност на воздухот е 71%
-Просечната годишна сума на врнежи е 547.9 мм.

Покрај природните убавини и поволната местоположба ова село дава претстава на градче или големо село. Тоа не е заради бројот на жителите, туку заради начинот на живеење на неговите жители кои го подигнале нивото на селото кое сега е центар на општината Зрновци.

Селото има електрична централа веќе 50 години, има основно училиште, амбуланта, културен дом, спортско игралиште, што би се рекло напредно село. Покрај тоа Зрновци има и други белези , има свој плоштад и убав парк, стоковна куќа, хотел со ресторан, центар со трговски објекти и добра комунална инфраструктура ( струја, вода, телефон, патишта )

Зрновци се наоѓа на :

- 8 км оддалеченост од најблиската железничка пруга во Кочани
- 134 км оддалеченост од главниот град Скопје
- 118 км оддалеченост од аеродромот Петровец кај Скопје
- 60 км оддалеченост од граничниот премин на Бугарија кај Делчево
- 184 км оддалеченост од граничниот премин на Грција кај Богородица

## ВИИ.ОПАСНОСТ ОД ПРИРОДНИ ЗАГРОЗУВАЊА

### 1.ГЕОЛОШКИ ЗАГРОЗУВАЊА

Опасност од загрозување од земјотреси постои на територијата на целата општина и можат да бидат загрозени вкупното население и сите материјални добра.Ова загрозување може да се случи во текот на целата година,за што причините се од објективен карактер(независно од човечки фактор).

Опасност од ерозија постои на територијата на цела општина.Ова загрозување може да настане во пролет и есен  како резултат на обилни врнежи а земајки ја во предвид местоположбата на трите населени места кои се наогаат во подножјето на планината Плачковица.

Опасност од лизгање на земјиште во моментот не постои но како потецијал на загрозување не се исклучува.

Опасност од загрозување од вулкани на територијата на општина Зрновци не постои.

### 2.МЕТЕОРОЛОШКИ ЗАГРОЗУВАЊА

Поради географската положба и временските услови и конфигурацијата на теренот на територија на општина Зрновци постои опасност од појава на мекава, молњи, град и суша.Овој вид на загрозување можевда се јави во пролетниот и летниот период од годината како резултат на неповолните временски прилики.

Опасност од појава на снежни наноси постои на територијата на цела општина како резултат на местоположбата на општина Зрновци и обилните врнежи од снег проследени со силни ветрови.

Опасност од појава на торнадо, урагани и бурин а територијата на општина Зрновци не постои.

### 3.ОКЕАНОГРАФСКИ ЗАГРОЗУВАЊА

На територијата на општина Зрновци не постои опасност од цунами и морски бури.

### 4.ХИДРОЛОШКИ ЗАГРОЗУВАЊА

Поради специфичната положба на општина Зрновци низ која минуваат реките Зрновка и Брегалница , постоечката мрежа за наводнување и езерото Калиманци постои опасност од поплави и буици.

Ова загрозување се јавува претежно во пролетниот период од годината кога надојдуваат водотеците како резултат на обилните врнежи и топењето на снегот од планинските предели.

Од евентуално рушење на Брана Калиманци постои опасност од поплави  на дел од обработливото земјиште и пониските делови од населените места.

### 5.БИОЛОШКИ ЗАГРОЗУВАЊА

Општа потенцијална опасност  од оваа појава постои на целата територија на општина Зрновци.

Овој тип на загрозување може да се појави преку целата година а како причинители можат да бидат разни вируси и слично.

Бидејки главно населението на територија на општина Зрновци се занимава со земјоделство и сточарство постои реална опасност од појава на епизоотии и епифитотии.Овој тип на загрозување може да се појави преку целата година а како причини за овие загрозувања се вируси,бактерии и слично.

Како резултат на местоположбата на трите села на територија на општина Зрновци постои опасност од појава на шумски пожари  а посебно по завршување на жетвата постои опасност од пожари при палење на стрништа.

Овој тип на загрозување се јавува во летниот период а најчеста причина е од субјективен фацтор.

**ВИИИ.ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ ЗАГРОЗУВАЊА**

**1.РИЗИЧНИ МАТЕРИИ И ПРОЦЕСИ**

На територијата на општина Зрновци реално не постои опасност од канцерогени, мутагени, тешки метали и останати отрови.

**2.ОПАСНИ ПРОЦЕСИ**

На територијата на општина Зрновци реално не постои опасност од градежни грешки , радиоактивни емисии, пречистување и транспорт на ризични материи.

**3.СРЕДСТВА И МАШИНИ**

На територијата на општина Зрновци до сега нема откриено потенцијален извор на опасност од неексплодирани средства , но не се исклучува можноста од ваков тип на загрозување.

Овој тип на загрозување може да настапи во било кој период од годината.

Како потенцијална опасност не се исклучува можноста од авионски несреки земајки во предвид дека во воздушниот простор на територијата на општина Зрновци минуваат голем број на авионски  сообракајни линии.

Ова загрозување може да се појави во било кој период од годината а причините можат да бидат од објективен и субјективен карактер.

**4.ИНСТАЛАЦИИ И ПОСТРОЈКИ**

Потенцијална опасност на територијата на општина Зрновци од оштетување на мостови постои и тоа на постоечките мостови на река зрновка и река Брегалница.

Ова загрозување може да настане во било кој временски период како резултат на објективен фактор(надојдување на големи количини на

вода во реките) и субјективен фактор(неконтролирано црпење на песок близу мостовите).

На територијата на општина Зрновци постои опасност од излавање и неконтролирано испуштање на вода од Брана Калиманци.

Поради поврзаност со електроводи ,кои минуваат низ територијата на општина Зрновци постои потенцијална загрозеност од истите.

Ова загрозување може да се појави преку цела година а причинители можат да бидат од објективен и субјективен карактер.

Потенцијална загрозеност од насипи, рудници, рафинерии, енергетски постројки, нафтени и гасни терминали и складишта, гасоводи и многу високи згради на територија на општина Зрновци не постои.

**ИЦ.СОЦИЈАЛНИ (ОПШЕСТВЕНИ) ЗАГРОЗУВАЊА**

**1.БЕГАЛЦИ**

Доколку на територијата на државата се појави загрозеност од економски, политички, конфликти и војни тогаш тие по автоматизам ке се рефлектираат и на територијата на општина Зрновци.

Оваа загрозеност може да се јави преку целата година а причините се од субјективен карактер.

**2.МАСОВНИ ИНЦИДЕНТИ**

Загрозеност од побуни ,безредија и демонстрации на територијата на општина Зрновци не постојат.

**3.ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ**

На територијата на општина Зрновци не постои опасност од ваков тип на загрозеност.

**4.ВОЕНИ КОНФЛИКТИ**

Доколку на територијата на РМ и во поблиската околина се појави овој тип на загрозеност реално постои можност од прелевање и на територијата на општина Зрновци.Ова загрозување може да се јави во било кој период од годината а причинител е субјективен фактор.

**Ц.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа процена на загрозеност од природни непогоди , епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреки влегува во сила осмиот ден од објавувањето на Сл.гласник на општина Зрновци.

Совет на општина Зрновци
Претседател
Ванчо Николов